**Предлогот на адвокатската комора е во целост спротивен на она на што укажува Европската Комисија и секое друго решение само ќе значи дополнителна негативна забелешка од Европската Унија**

Во Извештајот за напредокот на Република Македонија од 2016 наведено е дека се донесени закон за нотаријат и извршување и покрај силните критики (се мисли на задолжително застапување од адвокат), а во извештајот од 2018 година нотирани се критиките на последните измени на законот за нотаријат и извршување и најава за идни промени кои би биле во европскиот дух.

Еве што наведува **Европската комисија во извештајот од 2019 година објавен на 29.05.2019 година** „Амандманите на Законот за нотаријат и Законот за извршување беа донесени во декември 2018 година..... Нотарските платни налози функционираат добро, намалувајќи го товарот на судовите. Како и да е, вкупните трошоци и должината нр процедурите се уште ја опструираат ефикасноста на системот. **Ова, заедно со задолжителното присуство на адвокатите во постапките пред нотар (вклучително и оставинските постапки) создава ризик за пристап до правдата. .... Холистичкиот пристап до реформите во секторот кој опфаќа различни стеикхолдери останува предизвик**."

И последниот **Извештај од Европската комисија од 06.10.2020 година** за напредокот на Република Македонија, повторно укажа дека задолжителното присуство на адвокатите во оставинската постапка и во постапката за нотарските платни налози се спротивни на европското право рестриктивни и во целост се косат со стандардите и вредностите на Европската унија.

Веќе 4-5 извештаи Комисијата на Европската Унија укажува дека задолжителното присуство на адвокатите и покрај правните квалификации на вработените во правните лица е спротивно на европските вредности, го отежнува и поскапува пристапот до правдата, е неекономичен, неефикасен, скап и дискриминира.

Ангажирањето на адвокат како полномошник од правните лица мора да остане како опција но не и да биде облигаторно.

Оттука предлогот на Министерството за правда за вработените правници со положен правосуден испит да може да бидат полномошници на правните лице со кои имаат засновано работен однос без оглед на видот на спорот и неговата вредност мора да остане.